песна за Бадев млад јунак; Здравко Божиноски за ликот на Веле Марков во нашата револуционерна народна поезија; Милан Ристески за неколку народни песни од Илинденската епопеја; Радослав Хроватин за метричко-ритмичките карактеристики на илинденските борбени песни; Александар Линин за мелосот на народните песни за Гоце Делчев; Васил Хаџиманов за револуционерното Крушово во Македонската народна музика; Трпко Бицевски за десет комитски народни песни од селата Горно и Долно Пожарско; Наум Целакоски за народните песни за Илинденското востание од Охридско.

Не завлегувајќи подлабоко во стручната оценка на изнесениве и објавени реферати во вториот број на списанието Македонски фолклор сметаме дека на македонските историчари им се дава одлична можност да се запознаат поопстојно со одразот на Илинденското востание во македонската народна песна, со разновидната нејзина содржина и мелос, бидејќи се голем број од нив дадени и со ноти, потоа со бројот на воспеаните личности и настани, како и воопшто со генезата на македонските револуционерни песни и, здобиени со нови сознанија, да ги применат и во наставата.

**Љ. Л.**

**ИСТОРИЈА НА СРЕДНИОТ ВЕК** — том I, Скопје, 1970, 597

Универзитетот во Скопје реализира еден многу корисен зафат, печатејќи ја споменатата историја. Студентите на Филозофскиот факултет во Скопје и педагошките академии во нашата Република се здобиле со долгоочекуван учебник на македонски јазик, којшто ја третира општата историја на средниот век.

Историјава е колективен труд под редакција на академикот С. Д. Скаскин и докторите на историските науки Е. В. Гутнова, А. И. Данилов и Ј. А. Левицки.

Наменета за студентите на историските факултети во СССР таа ги заменува досегашните истории на општата историја на средниот век, од кои оваа под редакција на професорите А. Д. Удаљцов, Е. А. Косминскии О. Л. Вајнштајн на српскохрватски превод ја користеле и студентите од СР Македонија. Од овие причини се наметнува, сосем разбирливо, извесно споредување на овие учебници и укажување на разликите кои се јавуваат не само во содржината туку и во концепциите воопшто. Слично споредување на историјава со оние што претходно важеле како учебници за студентите во СССР, прават и авторите во предговорот, укажувајќи на разликите кои не само што објаснуваат, туку и упатуваат на основните нивни концепциски настојувања.

Содржините што се внесени во овој учебник, а ги нема во оној под редакција на професорите Удаљцов, Косминскии Вајнштајн, не се само нови во смисла на проширување на материјалот туку третираат многу суштествени прашања од медиевистиката на еден релативно нов концепциски начин, во многу ослободен од поранешните шаблонизирања, што резултира од развитокот на советската медиевистика во времето меѓу овие две изданија. „Авто-

рите се стремеле да ги отстранат елементите на догматизмот и цитатоманијата, карактеристични за претходните изданија на овој учебник. Тие изоставиле многу помали факти и го насочиле вниманието на поважните. Голем простор е посветен на откривањето на закономерностите на настаните кои се изучуваат и изнесувањето на социјално-економските процеси. Пошироко, отколку порано, се разгледуваат идеолошките прашања."[1])

Еве ги, впрочем, овие нови содржини:

1. „Извори за историјата на средниот век V—XV в." Материјата е дадена на 12 страни и тоа одделно за изворите од V—X век и одделно за изворите од X—XV век.

2. „Суштината на феудализмот и проблемот на неговата генеза во историската наука". 35-те страни посветени на овој проблем дадоа доволно простор за опширно изнесување на основата на буржоаските теории, за потеклото на феудализмот и ставовите на сегашната советска медиевистика.

3. „Влашка, Молдавија и Трансилванија до крајот на XV век". Оваа глава е сосем нова и затоа многу интересна.

4. „Црквата и нејзината организација во Западна Европа. Народните еретички движења". Во оваа глава се дадени податоци за социјалната улога, идејните основи, зајакнувањето и организацијата на христијанската црква, никнувањето и кратка историја на папството, еретичките движења и нивните основни поставки. Сето ова концентрирано на едно место дава можност полесно да се долови црвената нитка на идеологијата на феудализмот т.е. христијанството и идеолошките диверзии против него — разните еретички движења, кај кои не е тешко да се открие антифеудализмот. Главава „има посебно значење за борбата со религиозната идеологија и за комунистичкото гледање на светот".[2])

5. „Меѓународните односи во Западна Европа од XI—XV век". Тука се осветлуваат економските и политичките врски во Европа во назначениот период. Во подглавата „Улогата на Западнословенските и Јужнословенските земји во меѓународните односи во XII—XV век" единствено се зборува за овие земји и тоа исклучително за нивниот придонес во општите европски токови, бидејќи нивната историја подробно се учи во посебен курс за кој постои и посебен учебник. Неопфаќањето на историјата на Западните, се разбира и Источните Словени, во овој учебник, за нас претставува методски недостаток, бидејќи нашите наставни програми го предвидуваат изучувањето на историјата на Западните и Источните Словени во склопот на општата историја на средниот век со останатите народи на Европа.

6. Главите 5, 17 и 21 се посветени исклучително на византиската историја, што не беше случај со поранешните изданија. За студентите од Филозофскиот факултет од Скопје, кои историјата на Византија ја проучуваат како посебен предмет, ова нема да значи многу, но за студен-

[1]) Од рецензијата на учебников од А. Е. Москаленко и Б. И. Рискин (Вопросы истории, број 1 од 1967 година, страна 146).

[2]) Од предговорот за историјава.

тите од педагошките академии и наставниците од училиштата (I и II степен) дадениот материјал на 61 страна дава можност за добар преглед на византиската историја.

Книгава, освен првата и втората глава, кои се во уводниот дел, е поделена на два дела — Првиот дел *Ранофеудален период (V—XI в.)* ги содржи следниве глави: Создавање на феудално уредување во Западна Европа; Развиток на феудализмот на Франачката држава; Никнување и создавање на феудални односи во Византија IV—XI в. и Западна Европа во IX—XI в. Вториот дел — *Период на развитокот на феудализмот* (XI—XV в.) ги содржи следните глави: Никнување и развиток на средновековните градови; Крстоносни војни; Франција во XI—XV в.; Англија во XI—XV в.; Германија во XII—XV в.; Италија во XI—XV в.; Шпанија и Португалија во XI—XV в., Скандинавските земји во XI—XV в.; Унгарија во XI—XV в.; Византија во XI—XV в.; Средновековната култура и идеологијата во земјите на Западна Европа (V—XIII в.); Културата на Византија IV—XV в.); Зародиш на буржоаската идеологија; Раната преродба и хуманизмот во Италија (XIV—XV в.).[3]

Хронолшката таблица и литературата се дадени на крајот на учебников, како и белешките и дополненијата направени од Томо Томоски, редовен професор на Филозофскиот факултет во Скопје, кој истовремено беше и редактор на преводот.

Недостаток на учебников претставува и немањето на карти што во оригиналот постојат. Х. М.

**Божидар Ферјанчић — ВИЗАНТИЈА И ЈУЖНИ СЛОВЕНИ,** Завод за издавање уџбеника СР Србије, Библиотека „Сазнања“, Књига 20, Београд 1966, г., стр. 115

Книгата „Византија и Јужните Словени“ од Д-р Божидар Ферјанчиќ, наш реномиран византолог и професор на Универзитетот во Белград, обработува еден комплексен историски процес во којшто е содржана всушност целокупната надворешна политика на словенските народи на Балканскиот Полуостров во средниот век. Таа пред сè има за цел пополнување на наставната содржина во средните училишта, а со тоа и дополнување на образованието на учениците од соодветните училишта. Бидејќи е познато дека Византија, од моментот на доаѓањето на Словените на Балканот па сè до своето пропаѓање, вршела силно влијание на нив, во книгата, освен надворешната политика на словенските народи, е опфатен и голем дел од нивниот внатрешен развиток. Композицијата на трудот е таква што обезбедува јасна прегледност и лесно следење на целиот прикажан историски процес. Притоа не е тешко да се одбележи, дека авторот секогаш го имал пред себе образовниот карактер што морало да го има неговото дело, потоа возраста и предзнаењата на читателите на кои тоа претежно им е наменето. Поаѓајќи од таа гледна точка, начинот на изложувањето на материјалот е жив, интересен и достапен,

[3]) Од ова набројување се изоставени споменатите глави како нови.